JAВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-313/13
Дата, Data 17-07-2024
СКОПЈЕ - ШКУП

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22), в.д директорот на ЈП Водовод и канализација донесува:

**ОДЛУКА**

за поништување на Одлука за избор на кандидат по интерен оглас број 02/2024

1. Се поништува Одлука број 0401-313/12 од 08.03.2024 година, за избор на Перо Ажиевски за Советник во Одделение за професионална одговорност на ЈП Водовод и канализација-Скопје, со шифра КДР0102В01203, ниво В01,како кандидат пријавен на интерен оглас број 02/2024.
2. Сите дејства преземени во врска интерниот оглас број 02/2024 година, а се однесуваат на одлуката од точка 1, од оваа одлука се ништовни

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Барање за објава на интерен оглас за унапредување на административни службеници бр. 0401-313/3 од 12.01.2024 година, од страна на директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје, на 15.01.2024 година на веб страната на ЈП Водовод и канализација- Скопје и веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен оглас за пополнување на работното место: Советник во Одделение за професионална одговорност со шифра КДР0102В01203 ниво В01, 1 (еден) извршител , со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0401-313/8 од 24.01.2024 година, по спроведена административна селекција и разгледување на пријавите и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати констатира дека на интерниот оглас вкупно е пријавен 1(еден) кандидат со пријава со арх.бр.0401-313/5 од 16.01.2024 година, доставена од административниот службеник Перо Ажиевски која е уредна, и за тоа состави Записник од административна селекција бр. 0401-313/11 од 06.02.2024 година, кој го достави до в.д директорот.

Поради промена на директорот на претпријатието и именување на нов директор на 06.02.2024 година, како и активностите околу преземање и примопредавање на должноста,

не можеше да се донесе Одлуката за избор во рамките на законски предвидениот рок. Заради запазување на законските прописи, после констатирањето на фактичката состојба дека именуваната Одлука од точка 1, на оваа Одлука, е донесена надвор од законскиот рок, се одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавување на Одлуката на web страната.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
в.д Директор
Виктор Панчевски

**Доставено до:**
-Сектор за човечки ресурси;
-Архивата;
-Именуваните;
-Архива на директорот

Изработил: Весна Богеска Јарева
Контролирал: Убавка Бачева
Одобрил: Горан Михајлов